# Подарок за сестрата која сè уште не се покрила

*Абдул-Хамид ел-Булали*

Belig

Скопје, 2020

Наслов
**Подарок за сестрата која сè уште не се покрила**

Автор
**Абдул-Хамид ел-Булали**

Уредник
**д-р Фатмир А. Ковачи**

Лектор
**проф. д-р Виолета Пирузе**

Рецензија
**д-р Амел Куртиши**
**Енис Максутоски**

Коректура
**Аиша Саздановска**
**Нермин Исмајлоски**

Дизајн
**Аднан Салих**

Техничка обработка:
**Абдулах Мифтари**

Тираж
**1000 примероци**

Наслов на преводот на босански

**Poklon sestri koja se još nije pokrila**

Prijevod s arapskog: mr. Sead Islamović

Преведе од босански

**м-р Абдурахман Салоски**

# Зошто сè уште не си се покрила?

Благодарноста му припаѓа на Господарот на световите, Кој создава и снабдува. Нема бог освен Него. Тој создава и женско и машко. Нека е фален Оној Кој може сè!

И нека е Аллаховиот благослов и мир над последниот пратеник Мухамед, испратен со милост, синот на Абдулах, Веровесникот кој не знаел да чита. Господарот со Куранот го подучил и со него ја потполнил Божествената објава. Тој станал учител на сите генерации и воспоставил систем кој го разделува дозволеното од забранетото.

Возвишениот Аллах вели: **„Се колнам во Сонцето и во светлината негова, и во Месечината која го следи, и во денот кога ќе го раздени, и во ноќта кога ќе го засолни, и во небото и во Тој што го крена, и во Земјата и во Тој што ја направи пространа, и во душата и во Тој што ја создаде, па патот на доброто и патот на злото сфатливи ѝ ги стори.“** (Куран: Еш Шемс, 1-8)

Благородниот Аллах ја создал човечката душа и ѝ дал слобода на избор помеѓу доброто и злото. Ни наредил да се помагаме во добро и да го препорачуваме едни на други. Доколку ги почитуваме овие наредби, ќе ни бидат загарантирани спасот и сигурноста.

Тоа го докажуваат и ајетите на куранското поглавје Ел Аср (1-3): **„Се колнам во времето, човекот навистина губи, освен тие коишто веруваат и коишто прават добри дела, и коишто едни со други си ја препорачуваат вистината, и коишто едни со други си ја препорачуваат трпеливоста.“**

Нашиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, вели: „*Верникот е огледало на верникот.*“[1]

[1] Бележи Ет-Таберани. Шејхот Албани вели дека е сахих, Сахихул-џамиа. 6531.

Недостатокот на својот брат тој го гледа со цел да го предупреди. Ова огледало не го отсликува одразот, туку моралната слика на човекот.

Исламот своите следбениците ги поттикнува на меѓусебна љубов. Основа на таа љубов е желбата твојот брат да биде жител на џенетот, заедно со Мухамед, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, и со другите пратеници, асхаби, шехиди и добри верници. Меѓутоа, не е доволно да останеш само на желба, туку мора да се вложи максимален труд во одвраќањето од она што на сите им штети. Цел на оваа брошура е, со најдобри намери, да им се обратиме на сестрите по вера и да им укажеме на она што ќе им користи на двата света. Оваа книга е наменета за жените кои не го прифатиле исламскиот начин на облекување од незнаење или поради дуњалучки страсти, затоа што душата, која е наклонета кон злото ги совладала, шејтанот ги обзел, односно ги окупирало лошото друштво.

Го молам Аллах оваа брошура да биде клуч на окованите срца, покренувач на заспаните чувства и причина сестрите да ѝ се вратат на вистинската природа.

Сета благодарност му припаѓа на Аллах. Сведочам дека Аллах е единствениот Бог, кому никој не му е рамен, и дека Мухамед е Негов роб и пратеник, Божјиот благослов и мир нека се над него, над неговото семејство и неговите следбеници. По овој вовед велам дека сите ние тежнееме кон среќно и спокојно срце, далеку од грижите и вознемиреноста. Со такво срце се живее убаво и се постигнува среќа и радост. За постигнување на таа цел постојат верски, природни, но и практични причини и истите можеме да ги најдеме на едно место само кај верниците. Што се однесува на другите (тие кои не веруваат) кај нив може да се постигне еден аспект или некоја посебна причина за среќа околу која се ангажираат умните меѓу нив. Од друга страна, тие се лишени од другите аспекти на среќа, кои се покорисни, постабилни и со подобра моментална и идна состојба.

Во оваа брошура ќе ги спомнам причините, кои ги сметам за важни, а преку кои се постигнува оваа возвишена цел, околу која се ангажираат сите.

Една група луѓе поседува многу и живее со удобен живот, додека, пак, друга се соочува со неуспех и живеат тежок, несреќен и беден живот.

Има и такви кои живеат помеѓу двете крајности според она кое им е од Бога одредено (дадено).

Аллах е Тој кој одредува (дава и лишува) и од Него се бара помош за секое добро и за отстранување на секое зло.

*Авторот*

# Сомнежи и страсти

Шејтанот успева да му пријде на човекот низ две големи порти. Причина за речиси секој грев се сомнежите и страстите. Тие се пречка за постигнување на Аллаховото задоволство и влез во џенетот.

Затоа, овде ќе спомнеме и ќе пробаме да ги разбиеме најважните сомнежи и страсти кои ги поттикнуваат девојките да го одбијат хиџабот.

# Причини за одбивање на исламската облека

## 1. Со откривањето се намалува сексуалната желба кај мажите

Некои девојки велат дека машкиот сексуален нагон е многу опасен и дека може да се скроти еднистевно ако им се олесни задоволувањето на тие страсти. Покривањето на женското тело предизвикува експлозија кај мажите, притоа тие се принудени да употребат дури и најужасни методи на празнење, како силувањето, само за да стигнат до женското тело. Единствен начин жените да се сочуваат од тоа е да ги задоволат мажите со сопствениот изглед, така што тоа ќе им стане нормално и да не посегнуваат по злоставување.

### Одговор

Со овој изговор, како што може на прв поглед да се заклучи, се води грижа за општеството т.е за заедницата и сака да се сочува моралната хармонија. Меѓутоа, резулатите се многу погубни по заедницата. Да беше овој изговор точен, во Америка и Европа случаите на силување ќе беа сведени на минимум. Дали е тоа така?

Америка и голем дел од европските држави го допуштиле разголувањето на жените под параванот на слободата и правата на индивидуите, така што на секој агол може да се најдат развратни весници и телевизиски канали, посебно по полноќ. Жените слободно носат костими за капење и скудна облека. На плажите е забележливо тоа што жените го носат само долниот дел од костумот за капење. Се нудат филмови за полнолетни, на јавни места се лепат постери на стриптизети, пејачки итн. Какви се резултатите на ваквата слобода? Дали човечките страсти се заситиле? Дали жената станала сигурна?

## Што кажува статистиката?

Во книгата на Американскиот федерален суд од 1988. година, на шестата страна стои:

„Во Америка под присила на огнено оружје се случуваат силувања на секои шест минути.“

Во истата книга ги наоѓаме и следните податоци – во Америка биле евидентирани следниве случаи на силување:

1978 г. – 147.389 силувања

1979 г. – 168.134 силувања

1981 г. – 189.450 силувања

1983 г. – 211.691 силувања

1987 г. – 221.764 силувања.

## Куранските ајети ја објаснуваат оваа статистика

Овие и слични податоци потврдуваат дека криминалот над жените во западните општества се зголемува, а тоа јасно го илустрира и ајетот: **„О Веровеснику, кажи им на жените свои, на ќерките свои, и на жените на верниците нека си го покријат целото тело со своите наметки. Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.“** (Куран: Ал Ахзаб, 59)

Причина за објавата на овој ајет е, како наведува имамот Куртуби, тоа што жените, пред да бидат изградени бањите, излегувале во пустина за извршување на физиолошки потреби, а имало болни луѓе со болни умови кои ги напаѓале, затоа што не можеле да разликуваат робинка од слободна жена. Исто така, се наведува дека пред наредбата за хиџабот, жените понекогаш се откривале, па грешниците ги напаѓале мислејќи дека се робинки, а не слободни жени. Тие му се пожалиле на Пратеникот, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, па Возвишениот го објавил гореспоменитиот ајет.[2]

[2] Тефсир на Куртуби 8/5325.

Жената која ги открива телесните убавини пред секој минувач ќе биде изложена на напади од волци во човечка кожа. Самиот нејзин изглед побудува страсти кај спротивниот пол. Додека жената во хиџаб, која не ја открива својата убавина пред минувачите, може мирно и слободно да оди, затоа што не придонела за будење на страстите. Возвишениот ѝ пропишал покривање како заштита од злоставување, затоа што Тој добро знае дека разголувањето е причина за зголемување на криминалот над жените.

На оние кои, и покрај наведеното, не го промениле мислењето, им го кажуваме следново:

- Статистиката ги побива сите ваши ставови.
- Страстите кон спротивниот пол, кои се всадени во човекот, се Аллахова тајна, нивна цел е осигурување на човечкиот опстанок. Никој не може да докаже дека преку разголување ќе успее да го скроти или ослаби тој нагон.
- Откривањето на женското тело буди страст, затоа што луѓето не се способни да го згаснат тој оган од страсти. Тоа е спротивно на нивната природа.
- Оние кои велат дека откривањето ја намалува страста, мора да бидат вброени во една од овие две групи:
  а) оние кои излегле од рамките на човечката природа;
  б) оние кои се болни и мора да се лечат.

Дали оние кои тврдат дека со разголување се гасат страстите сакаат да бидат вброени во една од овие две спомнати групи?

# 2. Негирање дека шеријатското покривање е строга обврска

Овој изговор повеќе се вбројува во следење на сопствените страсти отколку во неубеденоста дека покривањето е строга обврска. Ако прашаш девојка зошто уште не се покрила, лесно одговара: „Не сум уште уверена дека тоа е строга наредба. Кога ќе се уверам, тогаш ќе се покријам.“

Секоја сестра која се брани со овој изговор мора да направи разлика помеѓу Аллаховите и човечките наредби. Да наредувале луѓето покривање, тогаш може да се каже дека луѓето грешат и нагаѓаат, затоа што се наклонети и кон едното и кон другото. Од луѓето можеш нешто да прифатиш, но и да одбиеш. Да беше така, овој изговор ќе можеше да се прифати. Но, бидејќи оваа наредба е Аллахова, бидејќи Возвишениот Аллах го наредил и строго го пропишал покривањето, објавувајќи Му на Својот Пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, да им ја достави на луѓето, овој изговор нема оправданост. Ако девојката дознае дека овој пропис се наоѓа во Куранот и дека е строга наредба и продолжи да зборува дека тој не е строга обврска, тогаш се изложува на излегување од верата, затоа што кој негира некој од прописите, излегува од исламот.

Поисправно е девојката да каже: „Грешам, не можам да ги совладам страстите, душата ми е слаба.“, отколку да вели дека се сомнева во неопходноста на покривањето.

Кога вели дека се сомнева во неопходноста, како да остава можност дека Возвишениот, Бог да чува, погрешил, а можеби и погодил – па ќе го прифати и одбие она што ѝ одговара.

Побивајќи ги ваквите мислења, Возвишениот вели: **„Кога Аллах и Пратеникот Негов нешто ќе одредат, тогаш ни верникот ни верничката немаат право по свој избор да постапуваат. А кој нема да Го**

**послуша Аллах и Неговиот Пратеник, тој сигурно скршнал од Вистинскиот пат“** (Ел-Ахзаб,36)

## Исправно постапување

Кога ќе дојде јасна Аллахова наредба, верникот нема право да избира, ниту смее да помисли дека тој е законодавец, дека подобро знае од Аллах, а во исто време е слаб и сиромашен кога Му упатува дова. Мораме да земеме пример од Аллаховите искрени робови кои рекле: **„И велат: ‚Слушаме и се покоруваме. Те молиме за прошка, Господару наш, Тебе ќе Ти се вратиме'".** (Куран: Ел-Бекара, 285)

Секоја работа која е наредба првенствено е за наша корист, затоа што е причина за наша среќа. Наредувајќи ѝ го хиџабот на жената, Возвишениот ѝ дал до знаење дека во тоа е и нејзината среќа, чување на честа и достоинството. Аллах е Оној Кој знае сѐ. Неговото знаење опфаќа сѐ. Тој знае што било пред човековото постоење и што носи иднината. Дури знае и како би било она што не се случило, да се случеше. Со вакво сознание за Аллах, незамисливо е одбивањето на Неговите наредби, а прифаќање на мислењето на малоумниците, на ограничените суштества каков што е човекот, чие знаење е мизерно.

### Пример

Кога би купиле нов компјутер, па по извесно време ни се случи да се расипе, дали би го сервисирале кај произведувачот, кој го познава секој негов детаљ, или кај автомеханичар?

Ниту еден нормален човек нема да го заобиколи инженерот, и да отиде на канал.

Возвишениот Аллах го создал човекот и поради тоа е нормално да знае што е за него добро и корисно, а што штетно. Според тоа, прифаќањето на туѓ совет, покрај постоењето на Неговиот, е бесмислено и неразумно. Некогаш оваа бесмисленост се случува затоа што ги следиме незнајковците, а кој ќе прифати совет од незнајковците се изложува на пропаст. За жал, ние муслиманите често правиме грешки барајќи совети од оние кои ни самите себеси не можат да си помогнат. Мнозумина не го знаат значењето на зборот *ислам,* на кој ние му припаѓаме. Зборот *ислам* значи: потполно прифаќање, покорност и следење на сите Аллахови наредби и забрани. Како можеш да тврдиш дека си припадник на исламот, а се покоруваш на созданието!?

## Внимавај!

Кога некоја непокриена сестра ќе биде посоветувана да се покрие, одговара: „Јас сум верничка. Клањам, дури и нафила. Постам (некои дури кажуваат дека извршиле хаџ и умра), делам садака на Аллаховиот пат итн., но не сум убедена дека покривањето е строга обврска.“ Ако навистина ги правиш сите овие наведени работи, како тогаш во еден дел од Книгата веруваш, а другиот го одбиваш? Сите овие наредби, заедно со наредбата за покривање, се наоѓаат во Куранот. Зарем не си слушнала за заканувањето на Возвишениот кон Јудејците? Тие прифатиле некои работи од неговата Книга, а други ги одбиле, затоа што не им годеле на нивните потреби: **„А зарем во едниот дел од Книгата верувате, а другиот го негирате?! Тие од вас кои тоа го прават, на овој свет само понижување може да ги стигне, а на Судниот ден на најтешки маки ќе бидат ставени! Аллах не пропушта да внимава на тоа што го правите.“** (Куран: Ел-Бекара, 85)

Сети се на зборовите на Пратеникот, с.а.в.с,: „*Најблага казна на жителите на огнот ќе биде ставање жар на стопалата. Од него мозокот ќе им врие како што врие течноста во казанот.*“[3]

Кога е ваква најблагата казна во џехенемот, што тогаш можеме да речеме за најжестоката со која Аллах им се заканува на оние кои еден дел од Книгата го прифаќаат, а другиот го одбиваат!?

## Почитувана сестро

Зарем поради изгледот, угледот и положбата на дуњалукот ќе го продадеш Оној свет? Можеш ли да поднесеш ваква страшна казна? Знај дека ти посакуваме добро и на двата света, затоа те молиме да го прифатиш гласот на разумот и она што е подобро за тебе кај твојот Господар.

[3] Бележи Бухари 11/376.

# 3. „Иманот е во срцето“

Ако прашаш некоја од сестрите зошто ја одбиваат марамата, ќе одговорат: „иманот е во срцето.“ Ова е еден од најчестите изговори. Ќе пробаме и на тоа да дадеме адекватен одговор.

## Од каде баш овој изговор?

Овој изговор потекнува од погрешното толкување на одредени хадиси, како што се: *„Навистина Аллах не гледа во вашиот изглед, ниту во вашиот имот, туку во вашите срца и дела.“*[4]

Овој изговор е вистина со кој сакаат да ја оправдаат невистината. Вистина е дека иманот се наоѓа во срцето. Меѓутоа, Аллаховиот пратеник не сакал да каже дека иманот се манифестира само во верувањето со срцето, туку да ја појасни вредноста на искреноста при правење на одредено дело. Аллах не гледа на формата, односно во надворешната манифестација на некое дело, доколку нема искреност, како на пример симулирањето на понизност во намазот. Тој гледа во срцето, во ниетот, кој мора да биде исклучиво поради Него. Возвишениот нема да ги прими делата кои не се направени исклучиво во Негово име. Затоа, Пратеникот, с.а.в.с, рекол: *„‚Богобојазливоста е овде!‘ – покажувајќи на своите гради.“*[5]

Писателот на делото *Нузхетул-муттекин* наведува: „Овој хадис укажува дека наградата за некое добро дело се добива како резултат на искрениот ниет и она што се наоѓа во срцето. Затоа, мораме да го лечиме срцето и да ги поправаме ниетите избегнувајќи го она што Возвишениот го мрази.“[6]

[4] Бележи Муслим, стр. 2564.
[5] Бележи Муслим, стр. 2654.
[6] Нузхетул мутекин 1/25.

## Дефиниција на иманот

Како што спомнавме, за да биде иманот потполн не е доволно само верување со срцето. Тоа не е човекова заштита од џехенемот, ниту гаранција за џенетот. Исламските научници ја понудиле следната дефиниција на иманот: „Иманот е верување со срцето, изговарање со јазикот и потврда со делата.“ Иманот е потполн тогаш кога ќе се соединат сите три спомнати компоненти.

Личноста која иманот го потврдува со јазикот или делата, без убедување во срцето, се вбројува во лицемерите. Лицемерите клањале со Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с, се бореле со него, со него патувале, делеле на сиромашните, но срцата не им верувале во исправноста на Аллаховата вера, и поради тоа Аллах ги нарекол мунафици. Нивната награда ќе биде најдлабокиот дел од џехенемот.

Оној кој ќе поверува со срцето, но тоа не го потврди со јазикот и со делата, сличен е на Иблис. Иблис бил со срцето убеден во Аллаховата моќ, оживувањето, смртта и Судниот ден, но тоа убедување не го потврдил со дела.

Возвишениот вели: **„И кога им кажавме на мелеците: ‚Поклонете му се на Адем со сеџда!‘ тие се поклонија освен Иблис, кој одби, се вообрази и стана неверник.“** (Куран: Ел-Бекара, 34)

Нема да најдеш ајет кој го спомнува верувањето, а покрај тоа да не го спомне и делото: **„...тие коишто веруваат и коишто прават добри дела...“** Делото е неразделен дел од иманот.

Ѝ поставуваме прашање на секоја сестра која, како оправдување за неносење хиџаб, го користи изговорот дека иманот ѝ е во срцето, а не во надворешниот изглед: „Што ќе му кажеш на претпоставениот на училиште или на работа кога би барал нешто да направиш, на пример, да напишеш извештај, да го исчистиш дуќанот, или да подготвиш некоја лекција? Дали е доволно само да му речеш: ‚Јас тоа го прифатив со срцето, но нема ништо да направам.‘ Дали тој изговор ќе биде примен? Каков ќе биде исходот тогаш? Ако луѓето не прифаќаат вакви оправдувања, што тогаш ќе му кажеме на Господарот на луѓето? А Тој е над сѐ и не се споредува со ништо.“

# 4. Аллах сè уште ме нема упатено

Многу жени, како причина за неносење на хиџаб, велат: „Аллах сè уште ме нема упатено. Сакам да се покријам, но Аллах сè уште го нема спуштено упатството на моето срце. Моли Го да ме упати!“ Секоја сестра која користи ваков изговор паѓа во голема стапица. Ја прашуваме: „Како знаеш дека Аллах сè уште те нема упатено?“ Ако вели дека знае, тогаш ќе ѝ кажеме дека припаѓа на една од овие две групи:

1. Оние кои достигнале до добро чуваната Книга на гајбот и дознале дека се несреќни, чијшто крај е џехенемот.
2. Оние кои велат дека некое создание ги известило дека се од неупатените, пр. мелек или човек.

Возвишениот Аллах покажал дека постојат два вида на упатства: хидајету-делалех и хидајету-теуфик.

Хидајету-делалех укажува на вистината и на она што е корисно и добро за луѓето. Значи, Аллах укажува на вистината, пратениците, исто така укажуваат на вистината, сите добронамерни луѓе укажуваат на вистината. Аллах испраќа пратеници и објавува Книги за да го објасни Патот на вистината и патот на заблудата. Мисионерите се трудат да објаснат што на луѓето им користи, а што им штети на двата света. Слободно можеме да кажеме дека сите ние, на некој начин, сме учесници во упатувањето. Хидајету–теуфик ни укажува на на упатство кое се однесува само на Аллах.

Тој ја всадува вистината во човечките срца, им помага да истраат на Патот на вистината, ги чува од гревови, им всадува иман во срцата, прави да го презираат неверството, гревовите и непослушноста, а тоа се оние кои Му се одзиваат и го прифаќаат Неговото упатство.

Овој вид на упатство доаѓа по првото, зошто Возвишениот Аллах на сите им укажува на Патот на вистината: **„А и на Семуд на Вистинскиот пат му укажуваме, но ним им беше помило слепилото од упатството.“** (Куран: Фуссилет, 17)

Возвишениот на секој човек му дал можност да избира помеѓу вистината и лагата. Ако човекот го употреби разумот и ја одбере вистината, тогаш тоа е хидајету-теуфик: **„А тие што се на Вистинскиот пат Тој Упатството и ќе им го зголеми и ќе им ја зацврсти нивната богобојазност.“** (Куран: Мухамед, 17)

А ако ја одбере заблудата, тогаш Аллах му ја зголемува заблудата и му го забранува другиот вид на упатство: **„А кој ќе ја одбере заблудата, Аллах ќе го проживее во заблуда.“** (Куран: Мерјем, 75)

Возвишениот исто така вели: **„И кога тие скршнаа настрана – Аллах стори срцата нивни да застранат.“** (Куран: Ес-Сафф, 5)

## Пример за хидајету-теуфик

Шејхот Шарави наведува илустративен пример за овој вид на упатство и ја појаснува Аллаховата улога во него: „Тоа е како примерот на човек кој бара некоја адреса, па му приоѓа на полицаецот и го прашува за неа, а овој му одговара: ‚Оди на таа и таа улица. До нејзе ќе стигнеш ако свртиш тука и тука десно, потоа тука и тука лево, потоа оди низ таа и таа улица и пред тебе ќе се појави таа и таа зграда. Ете, тоа ти е адресата која ја бараш!‘ Ако овој човек му поверува на полицаецот и ги следи неговите насоки, ќе стигне до целта. А ако каже: ‚Овој полицаец лаже, нема да го послушам.‘, и тргне спротивно од тоа, нема да стигне на посакуваното место, туку само уште повеќе ќе се оддалечи од него – тоа е пример на упатството и заблудата.“ Значи, кој ќе го одбере упатството, Аллах ќе го помогне и зацврсти. Кој ќе ја одбере заблудата, Аллах ќе го остави да талка со својот нефс и со шејтанот.

## Потруди се и побарај го упатството – ќе го пронајдеш!

Ова е Аллахов космички закон кога се работи за Неговите созданија: **„Во Аллаховите закони ти никогаш нема да најдеш промени,**

**во Аллаховите закони ти нема да најдеш отстапување.“** (Куран: Ел-Фатир, 43)

Аллах дава упатство тогаш кога човекот ќе одлучи, ќе се потруди и почнува да се менува: **„Навистина Аллах нема да го промени еден народ додека самиот себеси не се промени.“** (Куран: Ер-Рад, 11)

Оној кој сака упатство и бара од другите да го молат Аллах за негово упатство, мора да даде личен придонес во тоа. Прекрасен пример наоѓаме кај Мерјем, мајката на Иса, кога била со породилни маки и повикувала за храна. Возвишениот побарал од неа да направи дело кое ни најсилниот маж не може да го направи: да ја затресе палмата, иако е познато дека палмата е премногу цврста за жена во породилни маки за да може да ја затресе.

Во Куранот стои: **„Затреси го палминото дрво. Ќе истури по тебе урми свежи.“** (Куран: Мерјем, 25)

Возвишениот знаел дека таа не е во состојба да ја затресе палмата, но сакал таа да преземе некои чекори, па макар да ја спушти раката на палмата, за да се спроведе Аллаховиот закон. Тогаш резултатот е неминовен: **„Ќе истури по тебе урми свежи.“** (Куран: Мерјем, 25)

Ова е Аллаховиот закон. Не е можно човек да влезе во џамија, макар тоа да е и Ќабата, а притоа да стои со скрстени раце молејќи го Аллах да го снабди. Аллах нема да му прифати сѐ додека тој не преземе нешто со цел за снабдување. Небото не спушта злато и сребро наместо дожд! Направи нешто за себе со цел за упатство, па ќе бидеш упатен. На пример, моли го Аллах да те упати, дружи се со побожните, пристапи му на Куранот, читај и размислувај за него, присуствувај на дерсови, слушај и гледај исламски содржини, читај исламска литература.

Меѓутоа, пред да почнеш да ги практикуваш овие работи, мораш да го одбиеш она што те тргнува од Патот на вистината, како: лошото друштво, читање на неморални списанија, гледањето серии и филмови кои повикуваат на кршење на Аллаховите прописи, забранети патувања, допишување со мажи и многу други работи кои го отежнуваат упатството.

# 5. Страв дека нема да се омажат

Некои девојки како причина за непокривањето го наведуваат стравот дека ќе останат немажени. Овој изговор или сомнеж е шејтанско дело. Тој им зборува дека момчињата не сакаат девојки додека не им ги видат телата, косата итн. Ако се покријат, ќе ослаби нивното интересирање за нив. Овој страв не е само кај девојките, туку и кај голем број на родители. Затоа ги спречуваат да стават хиџаб. Овој проблем ќе пробаме да го решиме преку два аспекта.

***Теоретски аспект.*** Телесната убавина на жената се смета за една од најбитните причини за интересирање на мажите за нив, но не и единствена. Аллаховиот пратеник, с.а.в.с, набројал неколку причини поради кои жените се мажат: *„Жените ги мажат четири работи: имотот, потеклото, убавината и верата. А ти побрзај кон онаа која е добра верничка, ако не сакаш пропаст!“*[7]

Не е во човековата природа, кога ќе одбира сопруга, да гледа само во убавината на жената, туку и на останатите особини. Кај народот се вели дека „убавината е петок и сабота“, односно убавината се гледа додека трае свадбата, а потоа доаѓаат до израз останатите особини.

***Практичен аспект.*** Многу момчиња бегаат од непокриени девојки. Се водат од логични причини: кога во тоа не му се покорни на Аллах, многу тешко ќе биде и во другите работи. Шејтанот постепено приоѓа и заведува. Многумина од момчињата, по прашањето на женидбата, се трудат да најдат чесна и покриена жена, иако се од оние кои не ја практикуваат верата. Исто така, треба да се има предвид дека има многу откриени девојки кои не се мажени. Значи, непокорноста кон Аллах не им помогнала да се омажат. Мажењето е благодат која Аллах ја дава кому сака, и му ја одзема кому сака.

---

[7] Бележи Бухари 9/115,

# 6. Јас сум уште млада

Оваа причина можеме да ја слушнеме како од девојките, така и од нивните родители. Во многу случаи оваа причина ја наведуваат девојките кои не се противници на покривањето. Тие знаат дека покривањето е шеријатски пропис и сакаат да се покријат, но го одложуваат за подоцна. Причини за тоа се убедувањата, страстите и потребите, а не незнаењето.

Кога од родителите се бара следење на Аллаховите наредби и обврската за покривање на ќерките, одговараат: „Штета е да се покрие, сѐ уште е млада, само што почнала да живее. Пушти ја малку да се забавува. Облеката ја краси, модата ја прави среќна, ѝ помага да ја почувствува убавината на животот. Ако нам ни поминал возот и не сме стигнале да се науживаме, нема барем нејзе да ѝ ускратиме." Тие мислат дека е малолетна до над дваесет години и дека нема да одговара, а не знаат дека полнолетноста почнува далеку порано, поточно со појава на првата менструација.

## Порака за родителите

Родителите кои ги спречуваат ќерките да се покријат под изговор дека е рано затоа што уште е млада, носат голема одговорност пред Возвишениот Аллах. Штом станат полнолетни, обврска им е да се покријат, а оној кој им забранува е грешен и ќе биде одговорен на Судниот ден за таа личност. Возвишениот вели: **„И сопрете ги. Тие ќе бидат прашани навистина."** (Куран: Ес-Саффат, 24)

Аллаховиот Пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, рекол: *„Сите вие сте пастири и сите ќе бидете одговорни за своето стадо."*[8]

[8] Бележи Бухари 13/100

Таткото е пастир во својата куќа и ќе биде прашан за секој член од неговото стадо (фамилија). Затоа, нека се запраша колку момчиња ќе бидат заведени поради неговата ќерка? Колку непријатности ќе доживее неговата ќерка од тие исти момчиња? Дали тоа му е целта?

## Порака од срце

Аллах ни е сведок дека многу се плашиме да не те стигне Аллаховата казна. Сакаме да те оттргнеме од тој опасен пат, кој те води во пропаст и на овој и на оној свет, затоа што тоа е обврска на муслиманот кон муслиманот.

Опасноста која може да те снајде е и она што го спомнал Аллаховиот Пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се над него: „Ќе има во мојот умет луѓе кои ќе јаваат не седла и со нив ќе слегуваат пред месџидите. Нивните жени ќе бидат покриени, а откриени. На нивните глави ќе има грпки како грпката на камилите. Проколнете ги, затоа што тие навистина се проколнати.“[9]

Сестро, знаеш ли што значи проклетство? Тоа е оддалечување, протерување од Аллаховота милост. Во овој хадис стои Пратениковата наредба на секој верник да ги проколне жените кои покриле некои делови од телото, а некои не, или се облекле така што им се гледаат облините.

Во друг хадис стои дека Пратеникот, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, рекол: „Од жителите на Огнот две групи не ги видов, а тоа се луѓе кои поседуваат камшици како кравји опашки со кои удираат по луѓето и жените кои се покриени а откриени, кои во одењето се превиткуваат. На нивните глави има грпки како грпките на камилите. Нема да влезат во џенет, ниту ќе го почувствуваат неговиот мирис, иако џенетскиот мирис се простира на голема оддалеченост.“[10]

Во хадисот се наоѓа прецизен опис на овие жени:

[9] Бележи имамот Ахмед и Хаким 2/223. Имамот Ел-Хејтеми вели дека пренесувачите се доверливи.

[10] Бележи Муслим стр. 2128.

- Покриле еден дел, а не цело тело, па се сметаат за откриени, затоа што направиле еден дел од телото привлечен така што го откриле, го затегнале или облекле проѕирна облека.
- Се превиткуваат додека одат, со цел да ги предизвикаат мажите.
- Направиле фризури, разни пунѕи или перики, така што изгледаат како на своите глави имаат камилини грбки.
- Исто така стои и навестувањето дека нема да влезат во џенетот, ниту ќе го почуствуваат неговиот мирис. Пратеникот строго наредува да се проколнуваат овие категории на жени.

Навистина ти сакаме само добро. Стравот за тебе нѐ тера да го молиме Аллах да те сочува од секое зло, да ти го исполни срцето со светлост која нема да згасне, да ти помогне да го победиш шејтанот, џините и луѓето, да ги симнеш нивните окови, да се ослободиш од страстите и желбите и да постигнеш почит, чест и душевен мир во светот на чистотата, чедноста и чесноста.

## Дали себеси си загарантирала долг живот?

Драга сестро. Кога ќе кажеш дека си уште млада, може ли некој да ти гарантира дека и еден момент потоа ќе живееш? Дали некој те известил за доаѓањето на мелекот на смртта? Знај дека смртта може да ти дојде за година, месец, недела, час или минута – никој не знае колку ќе живее. Смртта не чука само на вратата на болниот и старецот, туку доаѓа и кај здравите и кај младите, па дури и кај новороденчињата. Ќе наведеме неколку примери од секојдневниот живот.

## Ненадејно нарушување

Момче, потполно здраво, силно, во цутот на младоста, одеднаш бива изненадено со тешка болест – вирусно заболување на мозокот. Се претвора во купиште на живо месо кое ништо, ама баш ништо не знае за себе, ниту може себеси било како да си помогне.

Смртта не прави разлика помеѓу болен и здрав. Смртта изненадила еден офицер кој не се жалел од никаква болест. Бил крупен, силен и

многу активен во струката. Легнал една ноќ и не се разбудил, лежел вкочанет. Смртта го затекнала во спиење.

## Изгоре другар ми

Ебу Абдулах ни кажува: „Не знам од каде да почнам и како ќе соберам сила да ти ја пренесам оваа приказна, во која бев учесник и која во потполност ми го промени животот. Не сакав на никого да му ја откријам оваа случка, но чувствував грижа на совест и одговорност пред Возвишениот Аллах. Преку неа сакав да ги предупредам момчињата кои константно грешат кон својот Господар и девојките кои слепо ја следат заблудата под пластот на љубовта. Бевме тројца другари. Главна животна преокупација ни беа играта, забавата и дружењето. Поточно, не бевме тројца, туку четворица, затоа што шејтанот беше четвртиот. Главна занимација ни беше да ги залажуваме чесните девојки. Ги придобивавме со убави зборови. Откако ќе се заљубеа, ги носевме на одморалиштето и ги изненадувавме. Од големи љубовници, таму се претворувавме во крволочни волци кои не знаат за милост, затоа што срцата ни станале мртви и бесчуствителни. Така ни поминуваше времето на плажа, сѐ додека не дојде денот кој никогаш нема да го заборавам. Имено, отидовме на одморалиштето. Сѐ беше испланирано како и обично. Секој имаше своја жртва. Проклетиот алкохол беше со нас. Ја заборавивме храната. Кога огладневме, едниот од нас отиде да донесе храна. Поминаа околу шест часа откако замина од одморалиштето. Ни по неколку саати не се врати... Околу десет часот навечер, се загрижив и отидов да го побарам. На патот здогледав пламени оган. Побрзав. Кога се приближив, го видов автомобилот на мојот пријател како гори превртен на хаубата. Побрзав да го извадам од запалениот автомобил, но се избезумив кога видов дека огнот го има проголтано до пола. Го спуштив на земја, затоа што даваше знаци на живот. Тивко зборуваше: ‚Оган! Оган!‘ Пробав да го внесам во мојот автомобил и да го однесам во болница, но тој со тешка мака ми рече: ‚Остави ме овде... Нема да успееш... Доцна е...‘ Се натопив во солзи, гледајќи го пред мене како умира. Одеднаш изговори: ‚Што ќе му кажам? Што ќе му кажам?‘ Го прашав : ‚Кому?‘ Гласот кој доаѓаше од длабочините на телото, како од бунар, рече: ‚На Аллах!‘ Почуствував страв

кој ме кутна на колена. Во тој момент ја испушти душата со тешко стенкање. Тоа беше неговиот последен здив.

Помина многу време, но сликата на мојот изгорен пријател, кој прашуваше: ‚Што ќе му кажам? Што ќе му кажам?', остана вечно во мојата глава. Една ноќ почнав да размислувам за тоа што јас ќе му кажам на Аллах. Очите ми се насолзија, ме обзеде некое чудно чувство. Го слушнав езанот кој повикуваше на сабах-намаз. Почуствував дека е тоа директен повик да го фрлам покривачот на темниот дел од минатото. Ме повикува да ми го исполни остатокот од животот со сјај и упатство. Станав, се избањав, го измив телото од нечистотијатата во која живеев со години и тргнав да клањам намаз. Од тој ден па до денес ниеден намаз не сум пропуштил. Му благодарам на Аллах Кој е единствено достоен за благодарност. Станав друг човек. Нека е славен Оној Кој ја менува состојбата на луѓето. Еве ме, се подготвувам да извршам умра, а потоа и хаџ, иншаллах, затоа што никој не знае кога ќе умре.

Смртта е само во Аллаховите раце."

## Два спротивни завршетока

Еден брат раскажува: „На почетокот на студиите, живеев со родителите. Опкружувањето беше исламско. Секогаш имав прилика да ја слушам мајка ми додека се моли за мене кога доцна ќе се вратев дома. Го слушав татко ми додека го рецитираше Куранот на ноќен намаз. Сето тоа ми беше чудно, посебно кога тој стануваше во студените зимски ноќи поради нафиле (доброволен намаз). Се чудев и се прашував како може тоа да го издржи секој ден... Не можев да почуствувам дека тоа му е задоволство, одмор и уживање, како и на секој верник. Не знаев дека тоа е дело на одбраните, кои се одвојуваат од топлата постела за да го повикуваат својот Господар.

По завршувањето на военото училиште, се чуствував доволно зрело, но и оддалечен од исламот. Не ми помогнаа советите на побожните луѓе од кои имав прилика, одвреме навреме, да ги слушнам. Се вработив како полицаец. Работното место не беше во мојот туку во друг, многу оддалечен град. Со мене тргнаа и некои школски другари,

со што доста ми олесна. Ги напуштив родителите, го напуштив слушањето на Куранот, не беше мајка ми за да ме буди на намаз. Отпочнав самостоен живот, ја изгубив родителската топлина.

Подоцна ме префрлија во сообраќајна служба, поточно да го надгледувам автопатот. Во почетокот се чуствував среќно. Меѓутоа, тоа не траеше долго. Самотијата делуваше на мене да почнам да го губам почетниот елан. Немав никого да ми помогне и да ми влее сила во верата. Напротив, имаше огромен број од оние кои ми ги отвораа патиштата на злото. Имав прилика секојдневно да гледам сообраќајни несреќи, но еден ден никогаш нема да го заборавам. Имено, јас и колегата бевме во патрола. Го паркиравме автомобилот покрај патот и разговаравме. Одеднаш се слушна чкрипење на гуми и страшен удар. Излеговме да видиме што се случи и видовме автомобили залепени еден до друг. Побрзавме да им помогнеме. Беше тоа страшен, неопишлив судир. Во едниот автомобил затекнавме две момчиња во критична состојба. Ги извадивме и ги положивме на земја. Побрзавме кај другиот автомобил, но во него лежеше мртов човек. Им пријдовме на оние двајца кои го дишеа последниот здив. Бидејќи колегата беше побожен, почна да ги потсетува да проучат ЛА ИЛАХЕ ИЛЛАЛЛАХ. За жал, наместо да го повторуваат Шехадетот, почнаа да пеат песни. Се зачудив кога ова го слушнав. Колегата беше поискусен, видел многу вакви случаи, ја познаваше состојбата при умирањето, и повторно се обиде. Не се поместував, само гледав. Ништо слично претходно немав видено. Колегата пробуваше да им помогне да го изговорат Шехадетот, но без резултат -повторно ги пееја истите стихови. Гласовите стивнаа. Замолкна едниот, а потоа и другиот, останаа неподвижни. Го напуштија дуњалукот.

Ги ставивме во автомобилот и тргнавме кон болницата. Колегата ја наведна главата. Беше скршен, ништо не зборуваше. Одеднаш гласот ја пресече тишината. Го спомна лошиот крај на овие две момчиња и рече: ‚Човекот го завршува животот на добро или на зло, согласно делата кои ги правел на дуњалукот.' Тогаш почна да раскажува разни приказни од исламската литература за заминувањето од овој свет и начинот на кој човекот го напушта дуњалукот, при што тоа зависи од неговите дела и внатрешното убедување. Го поминавме патот во таков

разговор, а бевме доволно мотивирани, затоа што пред нас лежеа двајца мртви. Почувствував страв од смртта, оваа случка ми беше како опомена, при што тие денови понизно го извршував намазот.

Како што времето поминуваше, сè повеќе го заборавав овој случај и му се враќав на стариот живот. Се однесував како никогаш да не сум ги видел тие двајца што пред мене испуштаа душа. Морам да признаам, престанав да слушам музика, затоа што се плашев да не поминам како нив. Времето прави чуда! По шест месеци, се случи друг чуден случај. Момче возело со дозволена брзина. Одеднаш морал да застане, затоа што му пукнала гумата, и тоа во еден од тунелите пред градот. Го запрел автомобилот и отишол до багажникот за да го извади алатот. Одеднаш наишла кола со неверојатна брзина, го удрила и фрлила далеку. Паднал тешко повреден. По неколку моменти стигнала патрола. Во патролата бевме новиот колега и јас. Го ставивме во нашиот автомобил и тргнавме кон болницата. Повикавме итна помош и им кажавме дека го носиме повредениот и ги замоливме кога ќе нè сретнат, да застанат и да го преземат повредениот. Беше во цутот на младоста. По надворешниот изглед заклучивме дека е верник.

Додека го стававме во автомобилот, слушнавме како нешто шепоти, поради преголемата возбуденост и итноста не обрнавме внимание на неговите зборови. Кога го спуштивме во автомобилот и тргнавме кон болницата, јасно слушнавме: учеше Куран. Помислив дека е невозможно вака повреден човек да учи Куран. Крвта му ја натопила облеката, коските му се здробени... Што друго да кажам освен дека го напушта овој дуњалук, а тој учи и го разубавува гласот. Никогаш претходно не сум слушнал поубаво учење. Размислував дека можеби е добро да го потсетам да изговори Шехадет, како и мојот колега во претходниот случај. Го слушавме учењето. Почуствував дека нешто во мене се движи, дека душата ми трепери од радост. Одеднаш прекина. Се свртев, а тој го имаше подигнато кажипрстот кон небото и изговараше Шехадет. Потоа главата му падна. Му го проверив пулсот на рацете, на срцето, проверив дали дише, но залудно, го напуштил дуњалукот.

Долго стоев со погледот вперен кон него, дури и солза ми падна на неговото лице. Ги сокрив солзите од колегата и го известив дека момчето починало. Мојот другар заплака, и тогаш и мене солзите непрестајно ми течеа. Во автомобилот се создаде болна слика.

Стигнавме до болницата. Кој и да нѐ сретнеше, му ја раскажувавме оваа несекојдневна случка. На сите им остави позитивен впечаток. Еден човек, откако ја слушна приказната, пријде и го бакна момчето во чело. Луѓето не сакаат да си одат пред да дознаат кога и каде ќе му се клања џеназа-намазот.

Еден болничар по телефон ја повика фамилијата на момчето. Се јави неговиот брат. Болничарот праша за момчето, а брат му рече дека тој секој понеделник одел во едно оддалечено село и посетувал една стара баба која живеела сама. Се грижел за сирацbackground сираците, вдовиците и сиромашните. Во тоа село сите го познавале по добро. Им носел исламска литература, касети итн. Неговиот багажник беше полн со основни намирници, кој ги делел на сиромашните. Дури ни селските деца не ги заборавал, им носел слатки. Кога некој ќе му приговарал дека не треба да оди, затоа што патот е долг и напорен, тој им одговарал: ‚Го користам времето за учење и повторување на Куранот и слушање дерсови. Се надевам дека Аллах за секој чекор ќе ме награди со голема награда...‘

Другиот ден месџидот се преполни со луѓе кои стигнаа за џеназанамазот. И јас му ја клањав џеназата. Го понесовме кон кабурот. Го ставивме во тесната дупка, лицето свртено кон кибла, во името на Аллах и по сунетот на Пратеникот, Аллаховиот благослов и мир нека се над него, фрлавме земја на него. Некој повика: ‚Молете се Аллах да го зацврсти вашиот брат, затоа што тој сега се испитува!‘ Тој ги започнал првите денови на Оној свет, а јас како да ги почнав првите денови на овој свет. Се покајав за сите лоши дела кои сум ги направил, молејќи го Аллах да ми прости, да ме зацврсти во покорноста кон Него, да ми дозволи да го завршам животот во добро и да ми го направи кабурот џенетска бавча.“

## Патот е долг, а снабдување малку

Ова е приказна за мојата црникава, слаба, и малечка сестра. Редовно практикуваше да учи Куран. Ако нешто ми затребаше, знаев каде можев да ја најдам: во куќниот месџид, или на руку, или на сеџда или со подигнати рацете кон небесата, без разлика дали е сабах, акшам или полноќ. Беше неуморна во ибадетите.

Јас, за разлика од нејзе, читав разни списанија, книги, претерано гледав филмови. По тоа и бев позната во целиот крај. Одвреме навреме ќе се сетев да извршам по некој намаз. Бев слаб ученик.

Еден ден, како и обично, гледав филмови без престан неколку сати, при што решив да се одморам и го изгасив видео-плејерот. Во тој момент се слушна езанот од најблиската џамија. Се свртив и отидов во постела. Се слушна сестриниот глас. Ја прашав што сака, а таа со остар глас рече: ‚Немој да спиеш пред да го клањаш сабах-намазот.' Јас промрморев ‚Остана уште еден час до мугри.' ‚Зората настапи и првиот езан е проучен.' – рече таа. Живееше и се однесуваше вака сѐ додека една тешка болест не ја кутна во постела. Еден ден ми рече: ‚Хана, дојди и седни покрај мене.' Не можев да ја одбијам, бидејќи ја чувствував нејзината искреност. Ја прашав што сака, а таа рече: ‚Седни!' Јас седнав и повторно ја прашав што сака. Со благ глас рече: ***‚Па кој ќе биде од огнот оддалечен и во џенетот воведен, успеал!'*** (Куран: Али Имран, 185) Застана за миг, а потоа ме праша: ‚Дали веруваш во смртта?' Ѝ одговорив потврдно. ‚Зар не веруваш дека ќе полагаш сметка за сите дела кои си ги сторила, било да се мали или големи?' ‚Верувам, но Аллах е најмилостивиот, а животот е долг, има време.' ‚Сестро, зар не се плашиш од ненадејната смрт? Хинд беше помала од тебе, па загина во сообраќајна несреќа. Исто така таа и таа, таа и таа...' – почна да набројува. ‚Смртта не прави разлика во годините и тоа не ѝ е никакво мерило.'

Собата беше темна, па ѝ реков: ‚Се плашам од темнина, а ти ме преплашуваш со смртта, како мислиш да заспијам сега? Остави ги тие муабети, јас мислев дека ти ќе дојдеш на одмор кај нас овие денови.'

Ненадејно ѝ застана гласот во грлото и таа одвај проговори. Се преплашив, срцето ми затрепери. ‚Мислам дека оваа година ќе одам на далечен пат, на друго место, а не со вас. Животот е во Аллахови раце.‘ Потоа заплака.

Почнав да се присетувам дека таа е тешко болна и дека лекарите кришум му кажаа на татко ни дека таа нема да издржи уште долго. Меѓутоа, кој ја известил неа, можеби само претпоставува. ‚За што размислуваш?‘ – ме праша. ‚Зар мислиш дека ова ти го кажував затоа што сум болна, па барам сомилост? Ни случајно, можеби ќе живеам подолго од сите останати. Туку, ти запрашај се до кога ќе живееш. Можеби дваесет или четириесет години или малку повеќе, и што потоа?‘ Мавташе со рацете додека зборуваше. ‚Нема разлика помеѓу нас, сите ќе го напуштиме дуњалукот. Некој ќе влезе во џенетот, некој во џехенемот. Зар не си ги слушнала Аллаховите зборови: ***‚Внимавај, кога душата ќе дојде в грло и ќе се викне: Кој ќе го излечи? – и тој ќе се увери дека тоа е Часот на разделбата и ногата до нога ќе се свитка.Тој ден кон Господарот твој приведувањето ќе биде.‘*** (Куран: Ел Кијаме, 26-30) . Скокнав и ѝ реков: ‚Се гледаме утре.‘ Си заминував додека повторуваше: ‚Аллах да те упати, немој да заборавиш да го извршиш намазот!‘

Осум часот наутро. Чукаат на мојата врата, ме будат. Се прашувам што им е сега, ова не е времето кога ме будат. Плач, врева. Драг Аллаху, што ли се случило? Болеста на мојата сестра Нур се влошила. Татко ми ја однел во болница. Сите сме Аллахови и нему ќе му се вратиме! Оваа година нема патување на одмор, оваа година ми е одредено да гнијам дома, ми се вртеше во главата. По еден сат, татко ми телефонираше и рече дека може да одиме да ја видиме сестра ми. Мајка ми ми кажа дека гласот на мојот татко е променет и се плаши дека нешто не е во ред.

Побрзав да се облечам. Каде е возачот, зошто го нема? Набрзина влеговме во автомобилот... Дали е ова оној пат кој досега ми изгледаше многу краток, додека шетав по овие улици. Како денес да е многу долг. Мешаницата која ја сакав, за да можам што подолго да останам во автомобилот, стана неподнослива. Мајка ми седеше покрај мене и се молеше за мојата сестра. Прекрасна е таа девојка, никогаш не губеше време непотребно...

Излеговме пред болницата. Насекаде болни луѓе. Некои повредени во сообраќајки, на други им потонале очите, не се знае дали се жители на овој или на Оној свет. Вакво нешто не сум имала прилика претходно да видам. Истрчавме по скалите. ‚Таа е на интензивна нега. Ќе ве однесам кај неа.‘ - продолжи болничарката. ‚Таа е прекрасна девојка.‘ Мајка ми се смири кога слушна дека е подобро од кога ја донеле... Забранети се групни посети. Ова е соба за специјална нега.

Покрај метежот кој докторите го направија околу неа, успеав низ прозорецот да го фатам погледот на сестра ми. Ме гледаше додека нашата мајка нешто ѝ зборуваше. По неколку минути мајка ми излезе. Не успеа да ги здржи солзите. Ми дозволија да влезам и да ја посетам сестра ми, под услов да не останам подолго од две минути. ‚Како си сестро моја? Вчера беше добра. Што се случи утрово?‘

Ме стегна за раката и рече: ‚Сега сум добро, фала му на Аллах!‘ ‚Рацете ти се студени.‘- ѝ реков. Седев на крајот од креветот и ѝ ги допирав нозете. Одеднаш ги собра. Ѝ реков: ‚Извини, те стеснив.‘ ‚Не.‘- рече- ‚само се сетив на Аллаховите зборови: ...***И ногата до нога ќе се свитка.Тој ден кон Господарот твој приведувањето ќе биде.*** (Куран: Ел Кијаме, 29-30) Моли го Аллах за мене, затоа што можам наскоро да го започнам животот на Оној свет. Патот е долг, а снабдување малку.‘

Ми потекоа солзи по овие зборови. Не бев свесна каде се наоѓам. Непрестано плачев за сестра ми. Родителите почнаа повеќе да се грижат за мене отколку за неа. Кога се вратив дома, се повлеков во соба. Со заоѓањето на сонцето во тој тажен ден, настапи тишина во куќата. Одеднаш почнаа деца да ми вреват низ вратата. Се направи мешаница во куќата. Се крена врева. Одеднаш сфатив дека мојата сестра Нур починала. Не можев од гласовите да препознаам кој сѐ дошол, ниту јасно да чујам што зборуваат. О, Аллаху мој! Се изгубив, не знаев веќе што се случува. Не можев дури ни да плачам. По некое време, татко ми ме зеде за раката и ме однесе да се збогувам со сестра ми. Ја бакнав. На ништо не можев да се сетам, освен на Аллаховите зборови кои ми ги повторуваше в болница: ***‚... И ногата до нога ќе се свитка. Тој ден кон Господарот твој приведувањето ќе биде.‘***

По долго време, повторно влегов во нејзиниот месџид. Се сеќавам дека со мене ја делеше мајчината љубов, тагуваше, секогаш ми олеснуваше, се молеше Аллах да ме упати, многу солзи пролеа додека пробуваше да ми ја претстави смртта. Оној свет и полагањето сметка пред Возвишениот.

Ова ѝ е првата ноќ во кабурот. Драг Аллаху, смилувај ѝ се и осветли ѝ го кабурот! Го погледнав нејзиниот Куран, сеџадето, дури и розевата облека која ја подготвуваше за мажење. Се сетив на деновите кои ги пропуштив, непрестајно плачев. Го молев Аллах да ми прости, да премине преку моите грешки. Го молев да ја зацврсти сестра ми во кабурот, затоа што сум ја слушнала како постојано моли за тоа.

Одеднаш се запрашав: ‚А што ако јас починав наместо нејзе? Каде ќе ми беше местото? Од страв и плач не можев да се повратам. Аллаху екбер! Аллаху екбер! Се слуша езан од минарето. Никогаш така јасен како сега. Додека повторував по муезинот, почуствував смиреност во душата. Се ослободив од покривачот и го извршив намазот. Клањав како тоа да ми беше последен намаз во мојот живот, така како што правеше мојата сестра пред да ѝ дојде смртта.

Кога ќе осамнам, не очекувам дека ќе заноќам, а кога ќе заноќам, не очекувам дека ќе осамнам!“

# 7. Денешното покривање е само поради мода!

Многу девојки, како причина за своето непокривање, наведуваат дека хиџабот станал модерен, дека преку него луѓето заработуваат или се во тренд и дека хиџабот кај денешните девојки воопшто не ги исполнува исламските услови. „Зошто нè обврзувате да се модираме и да го пратиме тој тренд?“ Потоа, спомнуваат разни негативни приказни за таквите хиџаби.

Пред да дадеме одговор на ваквиот став кон хиџабот, ќе наведеме неколку категории на покриени жени:

1. Жена која се покрила за да ги прикрие телесните мани.
2. Жена која се покрила за да се омажи, затоа што момчињата сакаат покриени и чесни девојки.
3. Жена која се покрила за да се сокрие под хиџабот, односно никој да не се посомнева во неа. Целта на оваа група жени е да ја стекнат доверба на семејството, за да излегуваат од дома кога сакаат и каде сакаат, а никој да не се посомнева во нивниот морал.
4. Жена која хиџабот го свела на мода. Ваков вид на хиџаб се нарекува *Француски хиџаб*, чија цел е да се види нешто од косата, вратот, ушите, да се облекуваат панталони, некогаш дури и тесни и проѕирни, или преку тие панталони да облече туника која покрива еден дел од телото до потколеници; со него секако доаѓа и шминка и мирис. Девојката која се задоволува со ваквото покривање ја одбила Аллаховата наредба по прашање на хиџабот, а ги прифатила човечките изуми, при што ги смета за подобри од шеријатскиот пропис. Го прифатила изумот на модерните креатори, а Аллах знае во каква состојба ќе почине!

5. Жена која родителите ја приморале да се покрие. Таа носи хиџаб, но го мрази. Не смее да се открие, затоа што ќе има проблеми со семејството. Ваквата група жени одвај чекаат да се сокријат од погледот на родителите, па да се откријат и да го отфрлат хиџабот, затоа што не се убедени во неговата задолжителност.
6. Жена која се покрила поради Аллах, исправно и потполно. Таа е убедена во наредбата за хиџабот, при што се плаши да не ѝ се види некој дел од телото кој Аллах забранил да се гледа. Се покрила, барајќи го задоволството на Господарот свој. Оваа група ги прифатила заветите на исламското воспитување, а тоа се:
   - Облеката да биде широка, да не се покажуваат деловите од телото;
   - Материјалот да не биде провиден;
   - Да не личи на облеката на неверничките;
   - Материјалот да не биде со упадливи бои или украсуван, па да привлекува погледи;
   - Да ги покрие сите делови на телото кои е наредено да се покријат;
   - Да не биде сличен на облеката на мажите;
   - Да не биде облека која се користи за фалење и истакнување пред другите;

Ако првите пет групи на жени заталкале и не се покриле поради Аллахово задоволство, немој да мислиш дека нема групи кои тоа го прават стриктно поради Него. Биди од оние кои го бараат Аллаховото задоволство и кои се плашат од Неговата лутина.

# 8. Хиџабот ја крие убавината која Аллах ни ја дал

Оваа причина произлегува од желбата за докажување и надменоста, па затоа одреден број девојки го одбиваат.

Ќе ги запрашаме овие девојки: „За кого се откривате и разубавувате?“ Ако велат дека се откриваат за да бидат поубави, зошто тогаш не седат дома пред огледалото за да уживаат во својата убавина? Не мораат да излегуваат за другите да ги гледаат. Ако велат дека се откриваат и облекуваат кратка, затегната или проѕирна облека за другите да видат како се добро градени, им го поставуваме следното прашање: „Дали се задоволни таа убавина да ја гледа баш секој, без исклучок? Да ве гледа секој неморален, малоумник, бедник со болно срце... дали сте задоволни покрај вас да помине благороден побожен човек па да ве погледне и да ве проколне? Како може да го препуштите сопственото тело на волци во човечки лик? Зарем сакате да бидете толку безвредни?

**Послушај ја следнава случка!**

Една пејачка од западот ги посетила некои арапски земји за да одржи концерт и да направи незаборавен спектакл. Кога една побожна сестра слушнала дека пејачката стигнала во нејзината држава, одлучила да го најде нејзиниот број, да ја побара по телефон и да ѝ даде неколку совети. Отишла до хотелот во кој била сместена пејачката и го нашла нејзиниот број. Ја повикала и почнале да разговараат: „Добро ни дојде во нашата земја. Се радуваме што нѐ почасти со твоето доаѓање. Дали ќе ми дозволиш да ти поставам неколку прашања?“ – ја прашала. Пејачката сета среќна одговорила: „Секако, само повели.“ „Што мислиш, кога би имала некои драгоцености (злато, сребро, скапоцени камења, пари итн.) каде би ги држала?“ Пејачката и одговорила: „Би ги ставила на некое безбедно место, каде никој не може да ги земе.“ „Што е најдрагоцено што жената го поседува?“ Пејачката се збунила. „Зарем не е чесноста највредната работа која жената може да ја има?“ Пејачката одговорила: „Да! Да! Тоа е највредната работа која жената ја поседува.“ Тогаш сестрата ѝ

рекла: „Па дали е разбирливо таа најбитна работа така лесно да се изложува пред секого, баш пред секого?“ Тогаш малку застанала и ја сфатила пораката на разговорот. Како душата да ѝ се разбудила. Ѝ ги размрдала чувствата, а разумот почнал да ги врши своите функции. „Вакво нешто никогаш порано не сум слушнала. Мораме веднаш да се најдеме и да го продолжиме започнатиот разговор.“

Драга сестро, ако се разубавуваш поради својот маж или пријателка, тоа е дозволено - но само во куќата, каде други мажи не можат да те видат. На жената ѝ е дозволено да се открие и да се дотерува пред жени, под услов да биде сигурна дека во собата нема да влезе некое машко и да ја види.

Сестро, немој да бидеш евтина, па другите да те понижуваат! Сети се, кога човекот ќе влезе во продавница да купи нешто, продавачот му дава отпакуван примерок, па муштеријата добро го разгледува и го допира, а потоа бара да го купи спакуваниот. Немој да бидеш артикал за разгледување, која секој ќе ја допре и остави, а потоа ќе ја земе спакуваната, која никој не ја допрел, ниту пробал.

# 9. Хиџабот спречува половина од заедницата да заработува

Оваа причина можеме да ја слушнеме од неверничките или од неупатените муслимани. Кажуваат дека хиџабот е пречка жената да излегува од дома, да работи, да заработува и да допринесува, зато што жените со хиџаб не излегуваат од дома. На ова можеме да одговориме на неколку начини:

- Муслиманката треба да седи дома, зошто Возвишениот Аллах рекол: „Во куќите свои престојувајте и убавината своја, како во дамнешно паганско време, не покажувајте ја, и намазот извршувај те го и зекат давајте." (Куран: Ел Ахзаб, 33) Ова не значи дека жената е понижена и ѝ се ускратени правата, дека можностите за придонесување кон заедницата ѝ се одземени, туку нејзиното останување дома е највеличествената работа која може да ја има.
- Исламот му посветува големо внимание на воспитувањето и правилното насочување на потомството. Жената е главен фактор во тоа, затоа што таа е мајка, која најдобро може да му помогне на своето дете. Светските истражувања покажале дека проблемите на младите се кријат во отсуството на мајката од домот и губење на семејната хармонија.
- Исламот води сметка да не дојде до пропаст на заедницата, така што спречува мешање на мажи и жени. Исто така, ја штити жената од насилство и понижување од страна на малоумни мажи. Го спречува распалувањето на меѓусебните страсти кое на заедницата не ѝ носи никакво добро, а за кое причина е откривањето и украсувањето на жената.
- Исламот не ѝ забранува на жената да работи, туку само бара да се создадат услови да може непречено да го дава својот придонес за заедницата. Во некои случаи дури ѝ се наредува да се занимава со

некои професии, како што се: гинекологија, образованието или специјализиран фотограф за жени.

- Исламот ги поставил условите за да може жената да работи надвор од дома, а тоа се:
    - Да се придржува кон исламскиот бонтон.
    - Да добие дозвола од старателот (таткото или сопругот)
    - Да не се меша или осамува со мажи
    - Во таа работа да не е грешна кон Аллах
    - Работата да биде соодветна на женските можности (да не е тешка или каректеристична за мажите)
    - Да не ги запостави куќните обврски, посебно воспитувањето на децата и

## 10. Хиџабот нè тера да бидеме заостанати во однос на другите цивилизации и народи

Има девојки кои зборуваат дека хиџабот отсликува заостанатост на жената, дека е во спротивност со цивилизираниот и модерен свет. Каква смисла има „подвижната врекa“ или „замотаниот столб“ на кој не може да се распознае ниту еден дел од телото? Навистина тој изглед нè враќа во праисторијата!

Веднаш можеме да кажеме дека ваквото сфаќање е погрешно! Кој е тој што ја мери вредноста и напредноста на човекот според надворешниот изглед, облеката, куќата или автомобилот?! Оној кој мери и ги вреднува луѓето преку овие работи го изгубил компасот, објективизмот и логиката. Цивилизацијата се мери преку бонтонот, однесувањето и напредокот на еден народ. Колку знаат луѓето да се облечат по последните светски стандарди, а да не вредат ниту една пара.

Оделото никого не го направило човек.

Ако ги погледнеме најнапредните земји, ќе видиме дека нивната облека не ги довела до тоа ниво, туку принципите според кои се управуваат. На пример, прецизност во времето. Сите во точно одредено време почнуваат со работа, автобусите поаѓаат и пристигнуваат точно навреме. Додека ние, муслиманите, во исламот имаме сè прецизно одредено, но ги кршиме општите правила, а потоа бараме да постанеме успешни и цивилизирани со оставањето на Аллаховите наредби. Ние не ги почитуваме правата на другите, не се советуваме со учените и искусните, а сакаме да го достигнеме врвот.

# 11. Родителите или мажот не ми дозволува да се покријам

Знај, драга сестро, дека покорноста кон Аллах е над покорноста на созданијата, па кои и да се тие. Покорноста кон родителите доаѓа веднаш потоа, но само ако не бараат да се прави грев кон Аллах. Знај дека спротивставувањето на секој кој те наведува на правење грев е најдобро дело кај Аллах. И тоа е жив и практичен пример за секој кој Му се спротивставува на Аллах – мораме Нему, Едниот и Единствениот, да му се покоруваме.

Има многу старатели кои, ако не видат упорност кај потчинетиот, нема да се согласат со неговите ставови. Меѓутоа, кога ќе видат дека детето или жената се упорни во барањата, попуштаат и се помируваат со таа реалност, освен ако нема љубов кон децата или жените.

Овде ќе ја искористиме приликата да напоменеме неколку прашања и одговори на познатиот шејх Ибн Баз за спомнатата проблематика.

„Дали е грешна личноста која ѝ се спротивставува на мајката која од неа бара да се открие, или ѝ ја забранува марамата, или бара да се облече според последната мода, да оди на прослави кои немаат исламски карактер, како што се свадби и слично, и по таа непослушност мајката да ѝ биде лута долго време?“

*„Знај дека нема покорност на созданијата во грешењето кон Создателот, па макар да се во прашање таткото, мајката, мажот или некој друг. Се пренесува дека Пратеникот с.а.в.с рекол: ‚Навистина покорност кон луѓето е само во тоа што е шеријатски дозволено.‘ Исто така рекол: ‚Нема покорност на созданието во грешењето кон Создателот.‘ Како што си истакнала, твојата мајка бара да им се спротивставиш на Аллаховите закони, а тоа никако не е дозволено, така што не е грев да ја одбиеш таа послушност.“*

Шејхот ибн Усејмин бил прашан:

„Во нашата држава власта го забранила носењето марама во државните институции како што се: училишта, фабрики, болници итн. Секоја работничка или ученичка која ќе дојде покриена ќе биде избркана. Каков е прописот и како да се однесуваме во ваква ситуација?“

„Оваа несреќа која ве погодила вас муслиманите во таа држава е искушение од Аллах, да ве види кој е цврст, а кој не. Возвишениот вели: **‚Елиф-лам-мим. Мислат ли луѓето дека ќе бидат оставени на мир ако кажат: Ние веруваме! – А ние во искушение ги доведовме и оние пред нив, за Аллах да им укаже на она кои ја зборуваат вистината и на оние кои лажат.‘** (Куран: Ел Анкебут, 1-3) Според тоа, сметам дека не е дозволено да се покорувате на тие закони, а да ги кршите Аллаховите, затоа што тоа е спротивно на шеријатот. Возвишениот вели: ‚**О верници, покорувајте се на Аллах и покорувајте се на Пратеникот и на претпоставените ваши.‘** (Куран: Ен Ниса,59) Ако подобро размислиме за овој ајет, ќе видиме дека глаголот покорувајте се не се повторува кога е во прашање власта, туку покорност кон нив влегува под покорноста кон Аллах и кон Пратеникот, не е самостојна и не смее да излегува од рамките на шеријатските граници. Ако тие две покорности се спротивстават, предност се дава на Аллах и на Пратеникот. Тоа најдобро ни го објаснува Пратеникот с.а.в.с ‚Нема покорност кон созданијата во грешење кон Создателот.‘ Жените мораат да бидат цврсти и истрајни во практикување на верата, а јас го молам Аллах да ги упати таквите владетели во практикувањето на исламот.“

„Што му препорачувате на човек кој е оженет, има прекрасна жена и деца кои сакаат да се покријат на исламски начин, а тој им го забранува тоа?“

*„Му препорачувам да се плаши од Возвишениот Аллах и од Неговата казна, и да му се заблагодарува на Господарот што му дал таква добра жена, која тежнее да го спроведе она со што Аллах ја обврзал. Треба ѝ нејзе да ѝ биде благодарен затоа што му помага да ги спроведе Аллаховите наредби упатени нему. Возвишениот вели:* ***‚О , вие кои верувате, себеси и семејствата свои вардете ги од Огнот чиешто гориво луѓето и камењата ќе бидат, и за кој строги и силни мелеци ќе***

***се грижат, коишто на тоа што Аллах ќе им го заповеда нема да бидат непослушни, и кои тоа што ќе им се нареди ќе го извршат.‘*** *(Куран: Ет Тахрим, 6) Аллаховиот Пратеник с.а.в.с му ја навестил на човекот одговорноста за своето семејство: ‚Човекот е пастир во своето семејство и ќе биде одговорен за своето стадо.‘ Зарем може да ја присилува жената на она за што и тој и таа ќе бидат одговорни пред Аллах!? Ѝ препорачувам на оваа жена да истрае и ѝ напоменувам дека не смее да биде покорна на мажот во она што е грев кон Аллах.“*

На крајот, ги потсетуваме благородните сестри кои се одлучиле да облечат хиџаб, да истраат, па макар и по цена да им се спротивстават на претпоставените, да бидат мудри и паметни во тоа спротивставување, а тоа ќе го постигнат ако ги следат следниве совети:

- На најубав начин да го појаснат она што им е во срцето, не подигнувајќи го гласот и не користејќи груби и арогантни зборови кои ќе ги налутат нивните претпоставени (мажот или родителите);
- Навредите, пцостите и исмејувањето на нивна сметка нека го поднесуваат со задоволство и нека не враќаат со лошо;
- Непрекинато да го молат Аллах за помош и олеснување, учејќи Куран, правејќи зикр и други добри дела, а посебно кога ќе бидат нападнати.
- Да побараат помош од блиските кои го практикуваат исламот за да посредуваат кај нивните претпоставени;
- Да го искористат погодниот момент кога ќе сакаат да разговараат и да ги убедуваат претпоставените;

Знајте, драги сестри, џенетот е скапоцен. Ништо што е скапо не може да се добие без мака и труд, а во овој случај тоа е трудот и маката на Аллаховиот пат, и затоа очекувајте голема награда.

Го молам Возвишениот Аллах оваа книга да биде причина за покривање на што поголем број сестри кои ќе сведочат дека Аллах е Еден и Единствен Кој е достоен да Му се чини ибадет.

# Содржина


Зошто сѐ уште не си се покрила? .......... 5

Сомнежи и страсти .......... 9

Причини за одбивање на исламската облека .......... 11

1. Со откривањето се намалува сексуалната желба кај мажите .......... 11

    Одговор .......... 11

    Што кажува статистиката? .......... 12

    Куранските ајети ја објаснуваат оваа статистика .......... 12

2. Негирање дека шеријатското покривање е строга обврска .......... 15

    Исправно постапување .......... 17

    Внимавај! .......... 18

    Почитувана сестро .......... 18

3. „Иманот е во срцето“ .......... 19

    Од каде баш овој изговор? .......... 19

    Дефиниција на иманот .......... 20

4. Аллах сѐ уште ме нема упатено .......... 21

    Пример за хидајету-теуфик .......... 22

    Потруди се и побарај го упатството – ќе го пронајдеш! .......... 22

5. Страв дека нема да се омажат .......... 25

6. Јас сум уште млада .......... 27

    Порака за родителите .......... 27

    Порака од срце .......... 28

    Дали себеси си загарантирала долг живот? .......... 29

    Ненадејно нарушување .......... 29

    Изгоре другар ми .......... 30

    Два спротивни завршетока .......... 31

Патот е долг, а снабдување малку ........ 35

**7. Денешното покривање е само поради мода! ........ 39**

**8. Хиџабот ја крие убавината која Аллах ни ја дал ........ 41**

**9. Хиџабот спречува половина од заедницата да заработува ........ 43**

**10. Хиџабот нè тера да бидеме заостанати во однос на другите цивилизации и народи ........ 45**

**11. Родителите или мажот не ми дозволува да се покријам ........ 47**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

28-443.5-055.2

АБДУЛ-Хамид ел-Булали
Подарок за сестрата која сè уште не се покрила / Абдул-Хамид ел-Булали ; [реведе од босански Абдурахман Салоски]. - Скопје : Белиг, 2020. - [52] стр. ; 21 см

Наслов на оригиналот на арап. јазик. - Преведено според: Poklon sestri koja se još nije pokrila

ISBN 978-608-4914-03-7

а) Ислам -- Жени -- Носија

COBISS.MK-ID 52316421